ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
Бр. 04-151/2
16.02.2026 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 20 - г од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија и член 23 од Законот за работни односи, Директорот на ЈП „Стрежево" Битола објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС 01/2026**
**за вработување на 9 (девет) извршители на неопределено време**

ЈП „Стрежево" Битола има потреба од вработување на 9 (девет) извршители, со засновање на работен однос на неопределено време на следните работни места:

1. **1 (еден) извршител, Сообраќаен инженер за планирање на сообраќај, КДР 03 05 Б01 128**, Сектор за машинство и експлоатација на возила, Одделение за експлоатација и регистрација на возила, сервис, ниво на квалификации - стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен - **Сообраќај и транспорт**, најмалку три години работно искуство во струката, со основна нето плата од 39.395,00 плус додаток за минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.
Неделното работно време е вкупно 40 работни саати, од понеделник до петок, со работно време од 07:30 до 15:30 часот.

2. **2 (два) извршители, Продавач, КДР 03 05 Б04 044**, Сектор за комерцијално работење, Одделение за аквакултура, ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование - **Средно образование**, со или без работно искуство во струката, со основна нето плата од 28.609,00 плус додаток за минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.
Неделното работно време е вкупно 40 работни саати, од понеделник до петок со работно време од 08:00 до 15:00 часот и сабота од 08:00 до 13:00 часот.

3. **2 (два) извршители, Соработник за контрола на терен, евиденција на корисници, пресметка и наплата на годишен надоместок и искористена вода на физички лица, КДР 03 05 Б01 180**, Сектор за експлоатација и контрола на системот, Одделение за контрола на терен, евиденција на корисници и наплата, ниво на квалификации - стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен - **Високо образование**, со/без работно искуство во струката, со основна нето плата од 37.175,00 плус додаток за минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.
Неделното работно време е вкупно 40 работни саати, од понеделник до петок, со работно време од 07:30 до 15:30 часот.

4. **1 (еден) извршител, Општ работник – диспечер, КДР 03 05 В02 031**, Сектор за зафаќање, акумулирање, заштита и мониторинг на води, Одделение за алиментационен канал "Пелистерски води", најмалку ниво на квалификации I или основно образование – **Основно образование**, со или без работно искуство во струката, со основна нето плата од 27.287,00 плус додаток за минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

Неделното работно време е вкупно 40 работни саати, од понеделник до петок од 07:00 до 14:00 часот и сабота 07:00 до 12:00 часот.

5. **1 (еден) извршител – Самостоен техничар, КДР 03 05 Б02 228**, Сектор за детална цевководна мрежа, Одделение за 1-ва делница, најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование - **Средно стручно образование – градежна струка, машинска струка**, најмалку две години работно искуство, со основна нето плата од 32.681,00 плус додаток за минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.
Неделното работно време е вкупно 40 работни саати, од понеделник до петок, со работно време од 07:00 до 15:00 часот.

6. **1 (еден) извршител – Ракувач на градежни машини, КДР 03 05 Б04 014**, Сектор за машинство и експлоатација на возила, Одделение за експлоатација и регистрација на возила, сервис, ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование - **Средно образование**, со или без работно искуство во струката, со основна нето плата од 28.609,00 плус додаток за минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.
Други посебни услови за работното место - Уверение – диплома за ракувач на градежни машини.
Неделното работно време е вкупно 40 работни саати, од понеделник до петок, со работно време од 07:00 до 15:00 часот.

7. **1 (еден) извршител, Работник за одржување на цевковод, КДР 03 05 Б04 031**, Сектор за детална цевководна мрежа, Одделение за 2-ра делница, ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование - **Средно образование**, со или без работно искуство во струката, со основна нето плата од 28.609,00 плус додаток за минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.
Неделното работно време е вкупно 40 работни саати, од понеделник до петок, со работно време од 07:00 до 15:00 часот.

**Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови:**

- **да е државјанин на Република Северна Македонија**
- **да е полнолетен**
- **да има општа здравствена способност за работното место**
- **да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење професија,или должност**

**Кандидатите покрај општите услови предвидени со закон потребно е :**

- **да имаат соодветна стручна квалификација за работното место**
- **да имаат соодветно работно искуство потребно за работното место**
- **да поседуваат посебни работни компетенции потребни за работното место**

**Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните докази за исполнувањето на потребните услови за работното место во оргинал или копија заверена на Нотар:**

- **уверение за државјанство**
- **лекарско уверение**
- **потврда дека на лицето не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност**
- **диплома за завршено соодветно образование**
- **потврда за работно искуство** (историјат од АВРМ)

Со избраните кандидати ќе биде склучен Договор за работа на неопределено време.

**Огласот трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавување во дневен печат**, истиот ќе биде објавен во 3 (три) дневни весници од кои 2 (два) на македонски јазик : „Нова Македонија" и „Слободен печат" и 1 (еден) на албански јазик : „Lajm", како и на веб страната на Јавното претпријатие „Стрежево" Битола www.strezevo.com.mk.

**Кандидатите се должни да пополнат Пријава која е објавена на интернет страната на ЈП „Стрежево" Битола - www.strezevo.com.mk.**

Кандидатите , Пријавата со потребните документи да ги достават на адреса :
ЈП „Стрежево" Битола
Булевар 1-ви Мај бр. 77
7000 Битола,
лично или преку пошта.

Некомплетните, ненавремено доставените и пријавите доставени по електронска пошта нема да се земаат во предвид при разгледувањето.

ЈП „Стрежево" Битола
Директор
Вера Бешлиевска